# НАСОКА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

За сите списи и дејствија во управните работи се плаќаат административни такси кај управните органи согласно Законот за административни такси. Административна такса се плаќа по таксена тарифа, која е сосатавен дел на Законот за административни такси.

Административна такса не може да се наплатува ако со таксената тарифа не е пропишана, ниту може да се наплатува во поголем или помал износ од пропишаниот. Во решението или во друга исправа, за кои таксата е платена, мора да се означи дека таксата е платена, во колкав износ и по кој тарифен број.

Таксената обврска настанува за:

- поднесоци, во моментот кога се предаваат;
- одобренија, решенија и др., во моментот на поднесување на барањето за нивно издавање, и
- управни дејства, во моментот на поднесување на барањето за извршување на тоа дејство.

**Опомена за плаќање административна такса**

Нетаксирани или недоволно таксирани поднесоци или други списи несмеат да бидат примени непосредно од странката. Ако нетаксиран или недоволно таксиран поднесок или друг спис пристигне преку пошта, органот надлежен за одлучување по барањето ќе го повика таксениот обврзник со опомена од десет дена од денот на приемот на опомента да ја плати редовната такса и таксата за опомена.

Надлежниот орган за одлучување по барањето ќе покрене постапка по барањето и по нетаксиран или недоволно таксиран поднесок. Решението, односно другиот акт не може да биде врачен на странката ако претходно, по опомента, таксата не е платена.

**Ослободувања од плаќање на административни такси**

Списи и дејствија кои се водат во постапка што се води по службена должност не подлежат на плаќање на административни такси. Од плаќање на такси се ослободени (член 15 од Законот за административни такси):

- државни органи;
- црвен крст на Македонија;
- добротворни противпожарни друштва, нивни противпожарни единици и сојузи во работите од нивните основни функции;
- странски дипломатски и конзуларни преставништва за вршење на дипломатските и конзуларните работи, под услов на реципроцитет;

- организации основани за заштита на лицата со физички или психички недостатоци и нарушувања;
- сојузот на глуви и сојузот на слепите и нивните организации во работењето во врска со рехабилитацијата на глуви и слепи.

Во исправите што се издаваат без такса мора да се назначи врз основа на кој член и пропис се издадени.

**Враќање на такси**

Постапка за враќање на такса се покренува по барање на странката. Решение за враќање на такса донесува Министерството за финансии.

**Плаќање на такси**

Плаќањето на административните такси се врши во готови пари или во административни таксени марки. Плаќањето на такси во готови пари се плаќа со налог за плаќање на јавни давачки ПП 50, кој мора да се пополни на следниот начин:

***Трезорска сметка 100-0000000-630-95***

***Уплатна сметка 840-XXX-03161***

XXX значи запишување на шифра на општината во која има седиште уплатувачот на таксата.

***Конто 722313 00***

**ТАРИФА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ**

**Тарифен број 1**

За барања, молби, предлози, пријави и други поднесоци, ако со оваа тарифа не е пропишано поинаку, се наплаќа административна такса во висина од 50 ден. За царинска декларација такса по овој тарифен број не се наплаќа за било кој вид на декларација. Во согласност со овој тарифен број се таксираат разни барања за кои во тарифата на административни такси не е пропишана посебна такса, на пример:

- збирна декларација;
- барање за претхедон преглед;
- барање за зенање мостри;
- за потврда за регистрација.

**Тарифен број 2**

За жалба против решение се наплаќа административна такса во висина од 250 ден.

**Тарифен број 16**

За издавање на посебна дозвола за превоз на стока (т.н. зелена дозвола) на странски превозник во висина од 100 ЕВРА

**Тарифен број 47**

За заверка на потпис и печат на исправи, во висина од 50 ден. За секој натамошен примерок уште по 30 ден.

**Тарифен број 110**

За опомена со која некој се повикува да ја плати должната такса, во висина од 100 ден.

## ЦАРИНСКИ ТАКСИ

***Административна такса (во понатамошниот текст: такса) за сите подолу наведени тарифни броеви се наплаќа во готови пари или во административни таксени марки.***

**1. Тарифен бр. 71 од Тарифата на административните такси**

***За поднесување на царинска декларација*** **_150 ден._**

***Забелешка:***

*(1) Таксата од овој тарифен број се плаќа во готови пари или во таксени вредносници (административни таксени марки).*

*(2) Таксата од овој тарифен број се плаќа за секое поднесување на царинска декларација, вклучувајќи и декларации за поедноставени постапки.*

*(3) Таксата од овој тарифен број се плаќа и за поднесување на дополнителна царинска декларација.*

*(4) Таксата од овој тарифен број се плаќа и за поднесување на царинска декларација со користење на техника на електронска обработка на податоци.*

*(5) Таксата од овој тарифен број не се плаќа:*

*1) за транзитна царинска декларација;*

*2) за документи пропишани со меѓународните или меѓудржавните договори прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија и се користат наместо царинска декларација пропишана со националните прописи (на пример ТИР карнет, АТА карнет и слично);*

*3) за усно поднесена царинска декларација или на било кој друг начин;*

*4) за декларации ЦН22 (С1) и ЦН3 (С2/СР3) во поштенскиот сообраќај;*

5) *за царинска декларација за привремен увоз или за пуштање на стока во слободен промет, на стока која согласно со меѓународните, односно меѓудржавните договори е ослободена од плаќање на царина."*

Административна такса (во понатамошниот текст: такса) од овој тарифен број се наплаќа во готови пари или во административни таксени марки.

Обврска за плаќање на административна такса од тар. бр. 71 настанува при поднесување на :

- на ЕЦД во редовна постапка;
- при поднесување на непотполно ЕЦД при поедноставени постапки;
- при поднесување на дополнителна ЕЦД при поедноставени постапки.

Во случај кога поради одобрување на промена на податоци во веќе прифатена царинска декларација, царинскиот орган бара, наместо поправка во декларацијата, поднесување на ново ЕЦД, административна такса не се наплаќа.

При наплата на такса од тар. бр. 71 во случај на примена на поедноставени постапки се постапува на следен начин:

- при поднесување на непотполна декларација се плаќа такса од тар. бр. 71 во висина од 150 ден. и такса од тар. бр.72 точка 9) во висина од 300 ден. - за издавање на одобрение во форма на службена белешка на ЕЦД. За писмено барање за употреба на непотполната декларација потребно е да се плати такса од тар. бр.1 , во висина од 50 ден. Кога декларантот ги поднесува податоците кои недостасуваат или кога ги поднесува документите кои недостасуваат, не се наплаќа такса.
- при декларирање на стока со постапка на локално царинење таксата од тар. бр. 71 не се наплаќа за секој запис во евиденцијата (запис во евиденцијата за секоја пратка), туку, такса од тар. бр. 71 се наплаќа при поднесување на дополнителна декларација. Во согласност со член 88 став 3 од ЦЗ, записот во евиденција има иста правна сила како и прифаќање на царинска декларација, така да тоа може да се толкува како дејство кое има иста правна сила како царинска декларација, но не и управно дејство.
- при поедноставена постапка на декларирање, за самиот административен или комерцијален документ не се плаќа такса; такса од тар. бр. 71 се наплаќа при поднесување на дополнителна декларација во поглед на бројот на административните или комерцијалните документи односно поедоставените декларации:
- за секој административен или комерцијален документ, се наплаќа такса од тар.бр. 71, како и за самата дополнителна декларација.

Комерцијални документи на основа на кои започнува привремен увоз на амбалажа која се враќа, не се таксира.

**Такса од тар. бр. 71 не се наплаќа:**

- за транзитна царинска декларација;

Листот бр. 3 од ЕЦД, кој ја прати стоката до излезниот царински орган, не се таксира.

- за документи пропишани со мегународните или мегудржавните документи или ратификувани од страна на Република Македонија и се користат наместо царински декларации, пропишани со националните прописи (на пример: ТИР карнет, АТА карнет, ЦИМ, предавен лист ТР и др.);
- за усно поднесена царинска декларација или на било кој начин ;
- за декларации ЦН 22 (C1) и ЦН 23 (C2/C3) во поштенскиот сообраќај;
- за царинска декларација за привремен увоз или за пуштање во слободен промет, на стока која согласно мегународните, односно мегудржавните договори е ослободена од плаќање на увозни давачки. (На пример: ослободување во согласност со Спогодбата за увоз на предмети од просветен, научен и културен карактер и протоколите кон таа спогодба; Истамбулската конвенција - конвенција за привремен увоз и др.) . Ова ослободување од плаќање на такса од тар. бр. 71, не важи ( се наплаќа такса) кога се работи за одредена стока која во согласност со преференцијалните спогодби е одредена царинска стапка "0".

Такса се плаќа за ЕЦД за пуштање на стока во слободен промет, која е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со Царинскиот закон и под условите од Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободување од плаќње на увозни давачќи, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката.

**2. Тарифен број 72 од Тарифата на административните такси**

***"За одобренија кои ги издава царинскиот орган се плаќа:***

***1) за отворање на царински склад 60.000 ден.***

***2) за одобрување на која било царинска постапка со економски ефект со општо одобрение, вклучувајќи и одобрување на преработка на стока во царински склад според постапката на преработка под царинска контрола или според постапката на увоз за облагородување 30.000 ден.***

***3) за одобрување на поедноставување на формалностите во транзитната постапка, за одобрување на поедноставена постапка на декларирање или постапка на локално царинење како и за одобрување на поедноставување во врска со докажувањето на потеклото на стоката 30.000 ден.***

***4) за одобрување на употреба на техника на електронска обработка на податоците 30.000 ден.***

***5)	за користење на истоветна стока во постапката на увоз за облагородување, за користење на стандарден систем на замена во постапката на извоз за облагородување	6.000 ден.***

***6)	за спроведување на вообичаените форми на ракување во царинскиот склад, за складирање на домашната стока во царинскиот склад, за пренесување на стоката од еден царински склад во друг, како и за привремено изнесување на стоката од царинскиот склад	3.000 ден.***

***7) за пренесување на правата и обврските од едно на друго лице кои произлегуваат од царинската постапка со економски ефект	6.000 ден.***

***8) за други одобренија и решенија кои ги носи царинскиот орган	500 ден.***

***9) за издавање на одобрение во форма на службена белешка на царинската декларација	300 ден.***

***Забелешка:***

*(1)	Таксата од точката 1 од овој тарифен број се плаќа и за одобрение за отворање на места за привремено чување на стока и за отворање на слободна царинска продавница;*
*(2)	Ако царинскиот орган издаде одобрение за некоја од постапките со економски ефект за поединечен увоз, односно извоз на стока која се увезува односно извезува со една царинска декларација, за одобрението се плаќа такса според точката 9 од овој тарифен број;*
*(3)	За одобрение со кое претходно издаденото одобрение се менува или дополнува, обновува (продолжува рок), се плаќа такса во износ од 50%од соодветната такса одредена во овој тарифен број;*
*(4)	За одобрение со кое се поништува претходно издаденото одобрение, доколку се издава на барање на таксениот обврзник-имателот на одобрението, се плаќа такса во износ од 10% од таксата, одредена во овој тарифен број;*
*(5)	Таксата од точката 4 од овој тарифен број се плаќа за одобрение со кое се одобрува поднесување на царински декларации со користење на техника за електронска размена на податоците како и за одобрение со кое се одобрува електронска размена на одделни податоци поврзани со водењето на царинските постапки.″*

Таксата од овој тарифен број се наплаќа во готови пари или во административни таксени марки. За сите наведени случаи е потребно да се плати, поред наведената такса од овој тар. бр. и такса од тар. бр. 1 во висина од 50 ден. за секое барање.

Кога царинскиот орган издава одобрение за некоја од постапките со економски ефект за поединечен увоз, односно извоз на стока која се увезува односно извезува со една царинска декларација, за одобрението се плаќа такса од тар. бр.72 точка 9) во висина од 300 ден.

Такса од точка 1 од овој тар.бр. се плаќа исто така и за отварање на простор за привремено чување или за отварање на слободна царинска продавница. Кога одобренијата од точка 3 или 5 на овој тар. бр. се опфатени во основното одобрение, таксата од точка 5 не се наплаќа.

За одобрение со кое претходно издаденото одобрение се менува или дополнува, обновува (продолжува рок), се плаќа такса во износ од 50% од соодветната такса одредена во овој тарифен број. Независно од претходниот став, такса од овој тарифен број не се плаќа: кога не се менува ниеден од податоците кои не влијат на условите под кои е издадено првобитното одобрението односно за формална промена на одпбрението кои не влијаат на условите под кои било издадено претхо издаденото одобрение. Во овој случај покрај таксата од тар. бр. 1 не се наплаќа друга такса.

За други одобренија и решенија кои ги носи царинскиот орган, се плаќа такса од тар. бр. 72 точка 8) во висина од 500 ден. Во овој случај не се применува тар. бр 3 (за сите решенија за кои не е пропишана посебна такса), бидејки посебна такса за сите други одобренија и решенија (освена наведените во тар. бр. 72 (точка од 1) до 7) и 9)) кои ги носи царинскиот орган, е пропишана со тар. бр. 72 точка 8).

За решенија (одлуки) донесени по жалба не се плаќа такса.
По тар. бр. 72 точка 8) не се плаќа такса за било која декларација.

Такса од тар. бр.72 точка 9), во висина од 300 ден. се плаќа во следните случаи:

- кога царинскиот орган со забелешка на царинската декларација одобрува постапка со економски ефект (поединечно одобрение),
- кога царинскиот одобрува прифаќање на непотполна декларација,
- или други одобренија во скратена постапка (ослободувања од царина и др.)

Во овие случаи се плаќа такса и од тар. бр. 71 и такса од тар. бр. 72 точка 9) односно 150 ден. и 300 ден.

**3. Тарифен број 73 од Тарифата на административните такси**

*"За потврди издадени од страна на царинскиот орган:*

*1) за издавање на Уверение за движење ЕУР .1* **150 ден.**

*2) за издавање на задолжителна тарифна информација и задолжително потекло* **300 ден.**

***3)*** ***за потврда за плаќање на давачки во случај долгот да се пресмета врз основа на усно поднесена царинска декларација, како и за потврда за истоветност при извозот на стоката наменета за повторен увоз освен за поедноставена потврда за истоветност на стоката во патничкиот сообраќај 200 ден.***

***4)*** ***за издавање на одобрение за користење на возила и контејнери за превоз на стока согласно со спогодбата ТИР 300 ден.***

***Забелешка:***

*(1) Таксата од овој тарифен број се плаќа во готови пари или во таксени вредносници (административни таксени марки).*
*(2) За потврда или одобрение со кои првично издадената потврда односно одобрение се менува или дополнува се наплаќа такса во износ од 50% одредена во овој тарифен број.″*

При извоз на стока, кога кон царинската декларација е приложен и ЕУР-1, мора да се наплати:

- такса за поднесување на декларација од тар. бр. 71 во висина од 150 ден;
- такса за барање од тар. бр. 1 во висина од 50 ден, и
- такса за издавање на уверение за движење ЕУР-1 од тар. бр 73 точка 1), во висина од 150 ден.

**4. Тарифен број 74 од Тарифата на административните такси**

***"1)*** ***за одобрување на предложената форма на водење на евиденции за стоката во слободната економска зона или слободен склад 30.000 ден.***

***2)*** ***за издавање на решение за вршење на царински надзор во слободната економска зона или слободен склад или одобрение за градење или адаптација во слободната зона 20.000 ден.***

***Забелешка :***
*За одобрување на каква било промена или дополнување на предложената форма на водење на евиденции се плаќа такса во износ од 50% одредена во овој тарифен број."*

**5. Тарифен број 75 од Тарифата на административните такси**

***"За донесување на одлука за враќање на гаранција за обезбедување на плаќање на царинскиот долг од овој тарифен број се плаќа , само ако враќањето или делумното враќање на гаранцијата обврзникот за такси го побарал пред истекот на важноста на гаранцијата. 2.000 ден.***

Овој тарифен број се однесува и за враќање и на гаранцијата за обезбедување и во транзитната постапка.

**Оваа насока се применува од 15.11.2005 година.**